Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**СООПШТЕНИЕ ЗА ВТОРА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Бр. 03-576
16.5 2026 год.

Почитувани студенти,

Ве известуваме дека втората испитна сесија согласно Универзитетскиот календар за учебната 2025/2026 година ќе се одвива во период од **01 јуни до 03 јули 2026 година**.

Електронското пријавување на испити за втората испитна сесија (јуни-јули), ќе се **спроведува во период од 18.05 (понеделник) до 26.06.2026 година (петок)** преку електронскиот систем **iKnow**.

По пријавување на испитот, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во долниот десен агол на хартиената пријава запишете го серискиот број од пријавата кој ви го дава електронскиот систем. По електронското пријавување на испитот, со индексот и пополнетета пријава можете да излезете на испит согласно закажаниот термин. По полагање на испитот, предметниот професор ја впишува оценката во пријавата, индексот и во **iKnow** системот.

Согласно член 39 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 год.), студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма и не добил потпис, неможе да пристапи на испит.

Термините за завршните испити во втората испитна сесија се објавени на веб-страницата на факултетот од почетокот на учебната година.

Доколку имате било какви потешкоти поврзани со пријавување на испитите, слободно котактирајте ја Службата за студентски прашања (02 3240-774).

Со почит,

Продекан за настава
проф. д-р Ксенија Илиевска

МКС EN ISO/IEC 17025

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk